Архивски знак: 0101
Рок на чување: трајно год.
01.08 2012 година
Потпис,

Врз основа на член 11 точка 1 од Законот за јавните претпријатија, („Службен весник на Република Македонија" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10 и 6/12), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 24.07.2012 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНАТА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „МАКЕДОНИЈАПАТ" -СКОПЈЕ

1.Со оваа одлука се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Македонијапат" – Скопје, бр.02-251/2 од 4.06.2012 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 4.06.2012 година.

2.Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.41-5286/1**
**24 јули 2012 година**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Никола Груевски**

Јавно претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „МАКЕДОНИЈАПАТ" ц.о. СКОПЈЕ
Примено: 01.08.2012
Орг. един. 03 | Број 403/6 | Прилог | Вредност

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**ДО ЈП „МАКЕДОНИЈАПАТ"-СКОПЈЕ**

**СКОПЈЕ**

Бр. 41-5286/1
Скопје 24.07.2012 година

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат на Владата на Република Македонија
Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 – 022
www.vlada.mk

Во прилог ви се доставува за извршување Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Македонијапат" – Скопје, донесена од Владата на Република Македонија, под бр.41-5286/1 од 24.07.2012 година.

**ПРИЛОГ: 1**

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

01-08-2012
03 103/6

Подготвил: Снежана Маркова-Пендовски
Одобрил: Митра Спасовска

Република Македонија
**Министерство за финансии**

[redacted]

Бр. 07- 25369/2 и 07-24804/2
Скопје __.07.2012 година
27 -07- 2012
Министерство за финансии
Сектор за буџети и фондови
Даме Груев 14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел.: ++ 389 2 3106 477
Факс:++ 389 2 3117 280
Е-пошта:
toni.stanojkov@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

ДО: ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Предмет: Известување
Врска: Ваш допис број 41-5286/1 од 29.06.2012 година

Почитувани,

Во врска со дописот под горенаведениот број и датум, со кој се доставува Барањето согласност на Статутарна одлука на Јавното претпријатие „Македонија пат“ – Скопје, Министерството за финансии во доменот на своите надлежности ве известува за следното:

Во дополнително доставениот материјал, Јавното претпријатие „Македонија пат“ има направено корекција на член 3 од Статутарната Одлука за изменување и дополнување на Статутот на јавното претпријатие. Направената измена опфаќа намалување на бројот на членови на Управниот одбор, односно наместо првично предложените 13 (тринаесет) члена, бројот на членови на Управниот одбор е корегиран и намален на 9 (девет) лица.

Имајќи ги предвид податоците за финансиското работење на претпријатието кое подолг временски период работи со загуба, Министерството за финансии придржувајќи се кон насоките на Владата на Република Македонија за намалување на непродуктивните расходи, укажува на потребата од намалување на бројот на членови на Управниот одбор на претпријатието, од 9 (девет) на 5 (пет) члена.

Со почит,

Заменик Претседател на Влада
и Министер за финансии
м-р Зоран Ставрески

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ СКОПЈЕ IV

30-07-2012
03 403/5

ДОСТАВЕНО И ДО:
ЈП „Македонија пат“ – Скопје

| | |
|---|---|
| Изготвил: | Тони Станојков |
| Контролирал: | Весна Крпачовска |
| Согласен: | Верица Проковиќ |
| Одобрил: | Елена Трпковска |